Врз основа на член 37 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/06,150/10,100/11, 20/15 и 61/15), Судскиот совет на Република Македонија на седницата одржана на 01.02.2017 година донесе

# Д Е Л О В Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
## Д Е Л О В Н И К О Т
## ЗА РАБОТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во членот 7 став 2 се менува и гласи:

“Советот со одлука може да ја исклучи јавноста во случаи предвидени со закон.“

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

“Претседателот на Советот или член на Советот можат да предложат исклучување на јавноста од седницата, со образложен предлог. Советот без расправа одлучува по предлогот со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас.“

Ставовите 3,4,5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат ставови 4,5,6,7,8, 9,10, 11, 12 и 13 .

Член 2

Во членот 8 став 4 се менува и гласи:

“Советот донесува одлуки со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови со право на глас кога одлучува за:

-исклучување на јавноста од седница;

-избор на судија и претседател на суд;

-разрешување на судија и претседател на суд за сторена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон;

-разрешување на судија и претседател на суд поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, утврдено со закон;

-предлагање на двајца кандидати за избор на судии на Уставен суд;

-усвојување на Годишниот извештај за работа на Советот;

-донесување на Деловник за работа на на Советот и

-други работи согласно закон.“

По ставот 4 се додаваат два нови ставови 5 и 6 кои гласат:

“Советот донесува одлуки со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови со право на глас при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, кога одлучува за:

-избор и разрешување на претседател и судија на Врховниот суд на РМ;

-избор и разрешување на судија и претседател на основен суд и апелационен суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Советот донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, кога одлучува за:

-избор и разрешување на судија поротник во суд кој се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.“

Во ставот 5 кој станува став 6 по зборот “најмалку“ се додава зборот “уште“.

Ставот 6 станува став 7.

Член 3

Во членот 11 став 1 зборовите “на Советот или“ се бришат.

Член 4

Во членот 13 став 7 по зборот “најмалку“ се додава зборот “уште“.

Член 5

Во членот 16 став 2 зборовите: “Комисии во состав од тројца членови“ се заменуваат со зборовите: “Комисија од три члена.“

Во ставот 3 зборот: “Комисиите“ се заменува со зборот: “Комисијата“, а зборот: “прават“ се заменува со зборот: “прави“.

Ставот 4 се менува и гласи:

“Комисијата по спроведената анализа, а по прибавено мислење од Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и од седница на судиите на соодветниот суд изготвува извештај со предлог одлука кој го доставува до Советот.“

Ставот 5 се менува и гласи:

“Советот на седница расправа по извештајот со предлог одлуката од став 4 на овој член и донесува одлука за определување на бројот на судиите во секој суд.“

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

“Одлуката се објавува во “Службен весник на РМ“ и на веб страната на Советот.“

Ставот 6 станува став 7.

Член 6

Во членот 17 став 1 по зборот: „Комисија“ се додаваат зборовите: “од три члена“.

Во ставот 2 зборовите: “Претседателот на“ се бришат.

Член 7

Во членот 18 став 1 се менува и гласи:

“Советот во рамките на својата надлежност одлучува за пополнување на упразнето судиско место и донесува одлука за објавување на оглас.“

Ставот 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

Член 8

Во членот 20 став 2 по алинеа три се додава нова алинеа четири која гласи:

“-прибавува резултати од анонимна анкета спроведена за судијата од вработените на судот;“

Алинеа пет која станува алинеа шест се менува и гласи:

“-составува предлог ранг-листа на кандидати според потребната специјализација и ранг-листа на кандидати кои ја немаат потребната специјализација и истите ги доставува до Советот.“

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

“Советот расправа по предлог ранг-листите на кандидати и усвојува конечна ранг-листа на кандидати според потребната специјализација, на седница на која јавноста може да биде исклучена со одлука на Советот.“

Ставовите 3,4 и 5 се бришат.

Член 9

Членот 23 се менува и гласи:

“Советот избира претседател на суд од редот на пријавените кандидати на огласот кои ги исполнуваат условите утврдени во Законот за судовите, Законот за Судскиот совет на РМ и овој Деловник.

Советот од својот состав формира Комисија од три члена која:

-ја проверува навременоста на пријавите и комплетноста на документите на кандидатите по огласот;

-ја подготвува кандидатската листа од кандидати кои ги исполнуваат условите;

-ги известува кандидатите од кандидатската листа за денот и часот на спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет и за уплата на финансиски надоместок за тестирањето кое е на товар на кандидатот;

-спроведува интервју со кандидатите од кандидатската листа кои го положиле психолошкиот тест и тестот за интегритет;

-составува предлог ранг-листа на кандидати која ја доставува до Советот.

Советот расправа по предлог ранг-листите на кандидати и усвојува конечна ранг-листа на кандидати според потребната специјализација, на седница на која јавноста може да биде исклучена со одлука на Советот.“

Член 10

По членот 23 се додава нов член 23-а кој гласи:

Одлука за избор на претседател на суд

“Член 23-а

Советот врши избор на Претседател на суд најдоцна два месеци по распишување на огласот.

За избор на Претседател на суд Советот расправа и одлучува на седница на која присуствуваат најмалку две третини од членовите на Советот со право на глас.

Советот расправа за кандидатите и одлучува за изборот согласно усвоената ранг-листа на кандидати .

Член на Советот има право да се произнесе за кандидатот пред гласањето.

Советот гласа за прворангираниот кандидат на листата и доколку истиот не го добие потребниот број на гласови, се преминува на гласање за следните кандидати од ранг-листата.

Кандидатот кој добил две третини гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас е избран за претседател на суд.

За извршениот избор кандидатот се известува писмено, а одлуката се објавува на веб страната на Советот и во “Службен весник на Република Македонија“.

Член 11

Во членот 26 став 4 се брише**.**

Член 12

Во членот 27 став 4 се брише.

Член 13

Во членот 28 зборовите: “со одлука утврдува“ се заменуваат со зборовите: “донесува решение за“.

Член 14

Во членот 29 зборовите: “со одлука утврдува“ се заменуваат со зборовите: “донесува решение за“.

Член 15

Во членот 30 став 2 зборот:“ одлука “ се заменува со зборот: “ решение“, а зборот : “ја“ се брише.

Член 16

Во членот 31 став 2 зборот:“ Одлуката “ се заменува со зборот: “Решението“, зборот: “ја“ се заменува со зборот „го“, а зборот: „нејзината“ се заменува со зборот „неговата“.

Член 17

Членот 33 се менува и гласи:

“Советот на седница со мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас одлучува за одземање на имунитет на судија.

Постапката од ставот 1 на овој член е итна.

Советот пред одлучувањето ги разгледува доставените докази кон барањето за одземање на имунитет, а доколку не се приложени упатува писмено барање до подносителот за итно доставување.“

Член 18

По членот 33 се додава нов член 33-а кој гласи:

“Член 33-а

Судија не може да биде притворен без одобрение на Советот, освен во случаите кога судијата е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Советот на седница одлучува по барањето за одобрување на притвор на судија, односно по известувањето дека судијата е притворен.

Советот по известувањето за притвор на судија што не се повикал на имунитет, може да одлучи да се примени имунитетот врз судијата, ако оцени дека тоа е потребно за вршење на судиската функција.

Ако Советот не одобри притвор, судијата веднаш ќе биде пуштен на слобода.

Постапката во која Советот одлучува за одземање имунитет на судија е итна и се спроведува во рок од три дена од доставеното барање, односно известувањето за притвор.“

Член 19

По членот 36 се додава нов член 36-а кој гласи:

“Член 36-а

Советот на седница донесува одлука за вонредно оценување на судии со мнозинство гласови од вкупниот број членови со право на глас.

Вонредното оценување на работењето на судијата, Советот може да го изврши при избор на судија во повисок суд, при избор на претседател на суд и по барање на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на судија.

Советот од редот на своите членови формира комисија од три члена за вонредно оценување.

Советот со одлука го определува временскиот период за кој ќе се врши вонредно оценување.“

Член 20

Членот 42 се менува и гласи:

“Генералниот секретар од редот на административни службеници од категоријата Б односно од редот на раководните вработени го назначува претседателот на Советот согласно Законот за административни службеници.“

Член 21

Измените и дополнувањата на Деловникот влегуваат во сила со денот на донесување, а се објавуваат во “Службен весник на Република Македонија“.

**Бр.01-192/1**
**01.02.2017 год.**
**Скопје**

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Зоран Караџовски**